**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-68/5**
**Скопје, 11.06.2026 година**

# ЗАПИСНИК
## од четириесет и шеста седница одржана на 11.06.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-дин м-р Ненад Савески - член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесет и шестата седница на Советот, по што го предложи следниот:

### Дневен ред

1. Усвојување на записник од 45-та седница на Советот
2. Разгледување и оценување на Годишен извештај за работата на ВЈО Штип
3. Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Советот на јавните обвинители на РСМ
4. Утврдување на динамика за донесување на подзаконски акти согласно Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ
5. Донесување на одлука за определување на вршител на функцијата Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје од редот на јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје до именување на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, согласно член 25 став 3 од Законот за Јавното обвинителство
6. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија.
7. Разно

Пред да биде усвоен дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи дневниот ред да биде дополнет со уште две точки и тоа: Усвојување на записник од 44-та седница на Советот, Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Крива Паланка и донесување на одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје.
Вака дополнетиот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што истиот би гласел:

1. Усвојување на записник од 45-та седница на Советот
2. Разгледување и оценување на Годишен извештај за работата на ВЈО Штип
3. Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Советот на јавните обвинители на РСМ
4. Утврдување на динамика за донесување на подзаконски акти согласно Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ
5. Донесување на одлука за определување на вршител на функцијата Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје од редот на јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје до именување на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, согласно член 25 став 3 од Законот за Јавното обвинителство
6. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија.
7. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Крива Паланка
8. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје
9. Разно

Под точка еден од дневниот ред претседателот едногласно беа усвоени записниците од 44-та и 45-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му даде збор на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип, и тоа ОЈО Штип, ОЈО Радовиш, ОЈО Берово, ОЈО Делчево, ОЈО Кочани, ОЈО Свети Николе и ОЈО Струмица како и со Годишниот извештај на ВЈО Штип за 2025 година. Кажа дека извештајот бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. Воедно детално го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со содржината на истиот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителтсва од подрачјето на ВЈО Штип, со структурата на криминалот во јавните обвинителтва од ова подрачје и со бројките на примени и сработени предмети, како и со бројката на предмети кои се во работа за 2025 година, со структурата на истите и се тоа искажано во бројки и проценти за секое јавно обвинителство од подрачјето на ВЈО Штип, поединечно како и за ВЈО Штип. Воедно членовите на Советот беа запознаени со кадровската и фанансиската состојба на сите основни јавни обвинителства од ова подрачје и на ВЈО Штип.

Истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства, како и во Вишото јавно обвинителство Штип за извештајната 2025 година и покрај потешкотиите со недостаток на јавнообвинителски и стручен кадар постапувале професионално и стручно.

Откако заврши со излагањето ВЈО на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски, збор зема Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески кој постави прашање во врска со истражителите кои се дојдени во ОЈО Штип, запраша дали истите се сместени во соодветни простории и дали се обезбедени услови за нечречено извршување на работните задачи. Воедно го поздрави ставот на ВЈО во однос на стимулирањето на јавните обвинители за склучување на спогодби фаворизирањето на институтот спогодба, како и постапувањето по предметите за ЕКО криминалот.

ВЈО на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски даде позитивен одговор, кажа дека сите извршители се сместени и имаат услови за извршување на работните обврски и задачи.

Г-ѓа Кети Петкова даде констатација за начинот на изготвувањето на Годишниот извештај. Кажа дека истиот е изготвен согласно пропишаниот законски акт ксо кој се регулира начинот на изготвување на извештајот. Кажа дека извештајот ги содржи сите податоци и дека истите се прецизно и јасно прикажани. Исто така го пофали работењето на ВЈО Штип и основните јавни обвинителства од ова подрачје. Кажа дека јавните обвинители ажурно работеле и дека нема голема бројка од заостанати предмети. Даде мала сугестија по однос на предлог спогодбите и смета дека има многу малку, за разлика од предлог спогодбите во постапка пред почеток на главна расправа обвинетите признаваат вина. Смета дека сите што признале вина, би можеле да се спогодат. Исто така имаше сугестија во однос на општата соработка со МВР каде најголем број на пријавите се од МВР, како и барањата за потребни известувања. Смета дека треба да се има поголема проактивност со полицијата. Исто така постави прашање дали има пракса после укажувањата повратно да има информација што е направено и дали е постапено по истите.

ВЈО на ВЈО Штип Ристо Бојаџиски кажа дека се дава укажувања се оди на конкретна утврдена ситуација од страна на јавниот обвинител,каде му било укажано дека во дадена ситуација може да се постапи и на друг начин, а сео цел да се реши предметот.Наведе дека повеќе се оди кон телефонска комуникација. Во однос на спогодбите кажа дека точно е дека имало доста пресуди врз основа на признание од страна на обвинетите. Кажа дерка на јавните обвинители им било укажано кога има сторители кои за прв пат вршат кривично дело или од небрежност секогаш да се оди со предлог на спогодби и да се применува овој инситут.

Г-ѓа Кети Петкова му се заблагодари на ВЈО на ВЈО Штип и кажа дека позитивно го оценува Годишниот извештај на ВЈО Штип за 2025 година.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески кажа дека со користење на овој институт, е поекономично бидејќи не се оди во судска постапка која воопшто не е ефтина и смета дека треба да се води сметка и за финансиските средства и човечките ресурси.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека извештајот ги содржи сите потребни статистички показатели од кои може да се согледа обемот на работа на јавните обвинителства од ова подрачје како и на самото ВЈО Штип. Воедно укажа на неколку технички грешки во самиот извештај и проактивниот однос на јавните обвинители при вршењето на увид.

ВЈО на ВЈО Штип Ристо Бојаџиски кажа дека јавните обвинители излегуваат на увид кога има специфични настани и смртни последици. Во сите други ситуации јавните обвинители овластувањата ги даваат на правосудната полиција да врши увид.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими се осврна да предлог спогодбите во ОЈО Струмица, ОЈО Штип, ОЈО Кочани и постави прашање зошто не го користат тој институт или пак во многу малку случаи.

ВЈО на ВЈО Штип Ристо Бојаџиски кажа дека при извршените контроли на јавните обвинители им било укажано да се користи тој институт.

Откако никој не зема збор ВЈО на ВЈО Штип Ристо Бојаџиски ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештај за работата на ВЈО Штип за 2025 година на гласање.

Едногласнои од страна на членовите на Советот истиот беше усвоен.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеја 24 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Штип, со подрачните основни јавни обвинителства ( Штип, Радовиш, Берово, Делчево, Кочани, Свети Николе и Струмица) за 2025 година.**

Под точка три од дневниот Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека Советот го има пратено Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Советот на јавните обвинители на РСМ до Министерството за јавна администрација. Кажа дека од Министерството за јавна администрација до Советот добиен е одговор на 11.05.2026 година, под А бр.09-1937/2 каде се дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Советот на јавните обвинители на РСМ да се врши измена и дополнување на истиот. Воедно кажа дека членовите на Советот се известени по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека како секој Правилник така и овој е подложен на промени со оглед на предизвиците и потребите во работењето на Советот. Истакна дека едно од тие е работното место помлад соработник за односи со јавноста каде една од целите за подобрување на комуникацијата со јавноста ќе биде лице кое од Советот ќе биде задолжено да ја извршува таа работна задача. Во однос на останатите работни места кажа дека Советот има потреба и од советници на одредени позиции, дека од Министерството за јавна администрација е дадена согласност и смета дека Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Советот на јавните обвинители на РСМ од страна на Советот треба да биде усвоен.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека согласно Законот за употреба на јазиците има позиција помлад соработник за лекторирање и смета дека и оваа позиција треба да биде пополнета.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека сега истиот Правилник треба да добие согласност од Министерството за финансии, како сето не би ова останало само на хартија.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Советот на јавните обвинители на РСМ. Едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоен Правилник за

изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Советот на јавните обвинители на РСМ.

Под точка четири од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека рокот на донесување на подзаконски акти согласно Законот за Советот на јавните обвиинители на РСМ изнесува 90 дена и во овој рок треба да се донесат сите подзаконски акти. Од тие причини предложи да се утврди динамиката со која Советот ќе ги донесе и усвои подзаконските акти. Како прво кажа дека Советот треба да го изготви и усвои Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители на РСМ. Од тие причини предложи да се формираат работни групи во Советот кои ќе работат на изготвувањето на подзаконските акти.

-За Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители на РСМ во работната група ги предложи да бидат: г-дин Башким Бесими, г-ѓа Марјана Илиеска и г-ѓа Кети Петкова.

-За Правилникот за внатрешна организација на Советот на јавните обвинители на РСМ работната група да ја сочинуваат г-ѓа Душица Димитриеска, г-дин Фатих Алиу и г-ѓа Јелена Догазанска Колева.

-За Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства во РСМ, работната група да ја сочинуваат: г-ѓа Светлана Стојковиќ, г-дин Ардиан Демири и г-ѓа Зорица Павловиќ.

Истакна дека Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители на РСМ веќе е даден на колегите да се анализира и да се усвои во предвидениот рок од 90 дена., додека останатите Правилници некои можат да се донесат бидејќи не се врзани со Законот за јавното обвинителство, додека останатите ќе треба да се почека да се донесе и увои новиот Закон за јавното обвинителство. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова кажа дека има повеќе акти кои што ќе треба да ги донесе Советот согласно новиот Закон за СЈОРСМ. Кажа дека некои од подзаконските акти ги носи и Јавното обвинителство на РСМ, додека Советот само ги усвојува и дел од нив се врзано со законот за јавното обвинителство. Кажа дека не биде донесен новиот Закон за Јавното обвинителство на РСМ, тие акти не ќе може да се донесат. Истакна дека со проектот Rule of law, Советот работел на нацрт верзии на Правилникот за надзор на работењето на јавното обвинителство, Правилникот за постапка за дисциплинска одговорност и други подзаконски акти. Смета дека добро е да се има динамика и да се знае кој е одговорен и во законскиот рок тој правилник што може Советот да го донесе истиот ќе биде донесен.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот ги стави на гласање предложените работни групи кои ќе работа на подзаконските акти.

Едногласно од страна на членовите на Советот предлогот на претседателот на Советот беше усвоен.

Под точка пет од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека на ден 12.06.2026 година и истекува мандатот на ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје од редот на јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје на јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева. Кажа дека огласот за избор на ВЈО на ВЈО Скопје е завршен, дека се чека на оценувањето и од тие причини предложи Советот да донесе одлука за назначување на вршител на функцијата Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје од редот на јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје до именување на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, согласно член 25 став 3 од Законот за Јавното

обвинителство по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред. Наведе дека е со став да остане досегашниот ВД ВЈО на ВЈО Скопје, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека во моментот има актуелен оглас за избор на ВЈО на ВЈО Скопје, а додека не се исполнат условите за избор на шеф, Советот мора да назначи јавен обвинител кој ќе раководи со ова јавно обвинителство. Смета дека добар е предлогот на претседателот на Советот, дека јавниот обвинител кој до сега ја извршувал функцијата ВД добро се покажал во работењето и раководењето со ова обвинителство, па смета дека треба да остане до изборот на ВЈО на ВЈО Скопје.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески смета дека треба да има рационален континуитет во работата и дека за краток период ќе биде избран ВЈО нса ВЈО Скопје.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предлогот за ВД ВЈО на ВЈО Скопје го стави на гласање.

Претседателот констатираше дека Советот ја избра Наташа Крстевска Цалева за вршител на должност ВЈО на ВЈО Скопје до изборот на Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје, но не подолго од 6 месеци.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука со која се определува Наташа Крстевска Цалева – јавен обвинител во ВЈО Скопје, за вршител на должност Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје до изборот на Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје, но не подолго од 6 месеци.**

Под точка шест од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на ОЈО на ОЈО Кичево г-ѓа Виолета Стојаноска на ден 02.07.2027 година ги исполнува условите за старосна пензија со што Советот треба да донесе Одлука и Решение за престанок на функцијата јавен обвинител.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука и Решение за престанок на функцијата Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево на јавниот обвинител Виолета Стојаноска поради исполнување на услови за старосна пензија заклучно со 02.07.2026 година.**

Под точка седум од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека подолг временски период во ОЈО Крива Паланка нема шеф и од тие причини предложи Советот да донесе Одлука за објавување на оглас за избор на ОЈО на ОЈО Крива Паланка.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Крива Паланка.**

Под точка осум од дневниот ред претседателот на Советот кажа дека поради тоа што еден јавен обвинител има заминато во пензија, а во ова јавно обвинителство има потреба од јавнообвинителски кадар предложи Советот да донесе Одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во ОЈО Скопје.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје.**

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека во неколку наврати на седниците на Советот било разговарано за ОЈО ГОКК-Скопје, дали треба да се отвори оглас за избор на јавни обвинители во тоа јавно обвинителство и воедно е со мислење Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на тројца јавни обвинители во ова јавно обвинителство. Воедно отвори дисусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-ѓа Кети Петкова по однос на ОЈО ГОКК- Скопје кажа дека од претходниот избор едно место останало непополнето, но согласно реформската агенда ова јавно обвинителство требало да се пополни со повеќе јавни обвинители. Но соглед на бројот на јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ и што можат да мигрираат во ова јавно обвинителство се соочуваме со бројот на јавни обвинители. Смета дека Јавниот обвинител на РСМ во координација со ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје треба да се види која е минимлната бројка на јавни обвинители кои би требало да бидат избрани во ова јавно обвинителство.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими појасни дека во ова јавно обвинителство согласно предвидената сиистематизација треба да има 18-осумнаесет јавни обвинители, во моментот испразнети се 6-шест јавнообвинителски места.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески кажа дека има реален проблем со недостаток на јавни обвинители и испразнување на едно обвинителство за пополнување на ОЈО ГОКК ќе се рефлектира како проблем во обвинителството каде што мигрирал јавниот обвинител. Смета дека треба да се покаже рационализација без оглед за колку места ќе се одлучи да се објави оглас мора да се поработи со насока на стимулирање на јавните обвинители надвор од скопското подрачје да се јават на оглас за ОЈО ГОКК- Скопје,. Воедно се согласи со предлогот како оптимална бројка за тројца јавни обвинители со цел да се задоволат потребите во ОЈО ГОКК-Скопје.

Откако никој не зема збор предлогот на претседателот на Советот беше ставен на гласање.

**Заклучок: Едногласно беше одлучено Советот да донесе Одлука за објавување на оглас за избор на тројца јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје.**

Под истата точка од дневниот ред збор зема г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот по однос на два предмета заведени под СОПП за претставки за работењето на јавен обвинител на Основно јавно обвинителство и јавен обвинител во Основно јавно обвинителство. Кажа дека станува збор за предмети заведено под СОПП бр.23/26 и СОПП бр.29/26. Нааведе дека бил извршен надзор од страна на Вишото јавно обвинителство и од добиениот извештај било утврдено дека кај јавниот обвинител на основното јавно обвинителство има неправилности во постапувањето и смета дека списите по предметот СОПП 23/26 треба да се доставаат до ЈОРСМ. Во однос на предметот СОПП 29/26 исто била поднесена претставка против јавен обвинител во основно јавно обвинителство за негово постапување по конкретен кривичен предмет кога

била отфрлена кривичната пријава. Исто така бил извршен надзор од страна на Вишото јавно обвинителство и по добиениот извештај било утврдено дека кај јавниот обвинител во основното јавно обвинителство има неправилности во постапувањето и смета дека списите по предметот СОПП 29/26 исто треба да се достават до ЈОРСМ на надлежно постапување.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека се работи за заштита на интегритетот на јавните обвинители. Наведе дека на колегиум на Советот било разговарано и од сето ова произлегува дека Вишиот јавен обвинител кој што е надлежен да врши надзор констатирал дека има незаконско постапување. Истакна дека нема поднесено иницијатива од Вишиот јавен обвинител кој што всушност е предлагач за поведување на дисциплинска постапка и од тие причини бидејќи се работи и за непостапување на Вишиот јавен обвинител списите треба да се достават до Јавниот обвинител на РСМ.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески кажа дека како обвинител би се довел во ситуација да влијае врз Вишиот јавен обвинител да покрене иницијатива за поведување на дисциплинска постапка. Но сепак кажа дека ќе му укаже на законските одреди.

Од страна на членовите на Советот едногласно беше одлучено двата предмета да се пратат на надлежно и понатамошно постапување до Јавното обвинителство на РСМ.

Откако под точка разно од дневниот ред никој не зема збор, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи четириесет и шестата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**